Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 16.09.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 10 | 2917/1 | | |


**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-261/2
11.09.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/19, 24/19, 41/14, 116/14, 190/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 28 седница одржана на 05.07.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма Дентална медицина, втор циклус студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Дентална медицина втор циклус студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Специјалист - доктор по дентална медицина**
Научно - истражувачко подрачје: Медицински науки и здравство
Научно – истражувачко поле: Стоматологија
Научно – истражувачко област: 1.- ортодонција, 2.- орална хирургија, 3.- детска стоматологија, 4.- превентивна стоматологија, 5.- протетика, 6.- дентална патологија, 7.- пародонтологија, 8.- орална патологија, 9.- максилофацијална хирургија.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошки факултет, втор циклус студиските програми „Дентална медицина“, на 11.04.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 25 седница, одржана на 02.05.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 28 седница одржана на 05.07.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

УП1 бр. 14-1017
03.07.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Забни техничари и Стоматологија (Дентална медицина) на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Забни техничари и Стоматологија (Дентална медицина) на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 08-1883/1 од 13.05.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1017 од 16.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Забни техничари и Стоматологија (Дентална медицина) на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, акредитирани со Решение за акредитација бр. 1409-172/3 и Решение бр. 1409-466/4 од 15.04.2019 година, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1017 од 23.05.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1017 од 19.06.2019 година, каде е наведено дека студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Забни техничари и Стоматологија (Дентална медицина) на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
2
Скопје - Shkup

Доставено и до
- Архива
Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал:Снежана Лузевска
Согласен:Борчо Алексов
Одобрил:d-r Agim Rushiti